РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: 16-09-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 2498/1 | | |

**До: Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

*Почитувани,*

*Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со ова барам:*

1. *Да ми се овозможи увид или копија од анкетниот лист на градоначалникот на Гостивар, Ваљбон Лимани, поднесен за 2025 година (или конкретната година/период што е релевантен).*

*Целта на барањето е да се информирам за поднесеноста и содржината на анкетниот лист, со цел јавно да се следи почитувањето на законската обврска за имотна транспарентност на јавните функционери.*

*Ве молам да ме информирате за можноста за увид во најкраток законски рок и за начините на кои може да го добијам бараниот документ.*

*Со почит*

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

**- г) електронски запис**

Начин на доставување на информацијата:

**- г) е-маил**

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Госативар, 16.09.2025 година .** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

## Burim Abazi

**From:** [redacted]
**Sent:** Tuesday, September 16, 2025 9:47 AM
**To:** b.abazi@dksk.org.mk
**Cc:** [redacted]
**Subject:** Барање за пристап до информации од јавен карактер
**Attachments:** Барање-за-пристап-до-информации-од-јавен-каркатер-ДКСК.pdf

Почитувани,

Ве молам во прилог да го разгледате моето Барање за пристап до информации од јавен карактер, доставено согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со почит,
[redacted]

Бр./Nr. 03-2498/2
22-09-2025 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-2498/1 од 16.09.2025 година, доставено од [redacted] го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под 03-2498/1 од 16.09.2025 година, доставено од [redacted] до ДКСК, СЕ УВАЖУВА.

Бараната информација да се достави до барателот на начин наведено во барањето .

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

### *Образложение*

Барателот на информацијата, во писмена форма до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш архивски бр. 03-2498/1 од 16.09.2025 година со кое побара:

***„Да ми се овозможи увид или копија од анкетниот лист на градоначалникот на Гостивар, Ваљбон Лимани, поднесен за 2025 година (или конкретната година/период што е релевантен)".***

По разгледување на барањето и утврдување на фактичка состојба, ДКСК констатира дека не располага со бараната информација и дека лицето Валбон Лимани, по избор на функцијата В.Д градоначалник на општина Гостивар, ***нема*** поднесено изјава за имотна состојба и интереси (анкетен лист) до ДКСК.

Согласно член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, наведеното лице има обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси во рок 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: **Бурим Абази** – Службено лице,
Согласен: **Адем Чучуљ** – Генерален секретар,